**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Komisioni Rregullator për Banim

**До:** "БМ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Струга
Ул."1-ва Македонска Ударна Бригада" бр.38А
6330 Струга

**Наш број:** Уп.08-07
**Дата:** 24.03.2026 г

**Предмет:** Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013 бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025), и врз основа на член 3 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на "БМ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Струга, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 24-03-2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "БМ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Струга, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата "БМ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Струга, се задолжува да плати надоместок во висина од 1000 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20, во рок од 7 (седум) дена по донесување на ова Решение.
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

"БМ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Струга, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РСМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Тековна состојба на вистински сопственици од ЦР на РСМ
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за едно лице со високо образование со полно работно време и две лица со завршено средно образование со едно лице со скратено работно време и едно лице средно образование со едно лице со полно работно време)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека "БМ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Струга, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/2024 и бр.160/2025).

На ден 24.03.2026г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на "БМ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ ГРУП" ДООЕЛ Струга.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
Никола Затуроски

Изготвил: Јасмина Петреска